**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**
**Уп1 Бр.** 08-475
22.12. **2017 година**
**С к о п ј е**

Врз основа на член 20 став 1 алинеја 6, член 23 став 1 алинеја 4 и член 85 став 1 алинеја 2 и став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија", бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17), Дописот од Трговското радиодифузно друштво РЕГИОНАЛНА ТВ О2 ДООЕЛ Скопје Уп1 бр.08-475 од 20.12.2017 година и од 22.12.2017 година, Изјавата од управителот на ТРД РЕГИОНАЛНА ТВ О2 ДООЕЛ Скопје, (заверена на нотар) УЗП бр.12018/2017 од 20.12.2017 година, Изјавата од основачот на правното лице Друштво за услуги ДМТ ПРОДАКШН ДООЕЛ од Скопје, кое е единствен основач на ТРД РЕГИОНАЛНА ТВ О2 ДООЕЛ Скопје, (заверена на нотар) УЗП бр.5278/2017 од 20.12.2017 година и Изјавата од управителот на правното лице Друштво за услуги ДМТ ПРОДАКШН ДООЕЛ од Скопје, (заверена на нотар) УЗП бр.5277/2017 од 20.12.2017 година, а согласно член 10 став 5 и член 39 став 1 алинеја 6 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.01-4351/1 од 29.08.2014 година, Директорот на Агенцијата го донесе следното:

**Решение**
**за бришење од регистарот на радиодифузери**

1. СЕ БРИШЕ од регистарот на радиодифузери, Трговското радиодифузно друштво РЕГИОНАЛНА ТВ О2 ДООЕЛ Скопје.

2. Ова решение влегува во сила веднаш.

**О б р а з л о ж е н и е**

Трговското радиодифузно друштво РЕГИОНАЛНА ТВ О2 ДООЕЛ Скопје, е имател на дозвола за телевизиско емитување бр.08-32 од 05.01.2015 година, со важност од 9 години (од 05 јануари 2015 година до 04 јануари 2024 година), за емитување преку дигитален терестријален мултиплекс, на регионално ниво, за подрачјето на Д6 - Мали Влај (Охрид, Струга, Дебрца, Вевчани), телевизиски програмски сервис со претежно забавен општ формат, на македонски јазик и албански јазик.

На 20.12.2017 година, ТРД РЕГИОНАЛНА ТВ О2 ДООЕЛ Скопје до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги достави Допис (Уп1 бр.08-475 од 20.12.2017 година и од 22.12.2017 година), во кој наведе дека ТРД РЕГИОНАЛНА ТВ О2 ДООЕЛ Скопје, ја враќа дозволата за телевизиско емитување бр.08-32 од 05.01.2015 година, со период на важност од 05.01.2015 година до 04.01.2024 година.

Во прилог на погоренаведениот допис, беа доставени: Изјава од управителот на ТРД РЕГИОНАЛНА ТВ О2 ДООЕЛ Скопје, (заверена на нотар) УЗП бр.12018/2017 од 20.12.2017 година, Изјава од основачот на правното лице Друштво за услуги ДМТ ПРОДАКШН ДООЕЛ од Скопје, кое е единствен основач на ТРД РЕГИОНАЛНА ТВ О2 ДООЕЛ Скопје, (заверена на нотар) УЗП бр.5278/2017 од 20.12.2017 година и Изјава од управителот на правното лице Друштво за услуги ДМТ ПРОДАКШН ДООЕЛ од Скопје, (заверена на нотар) УЗП бр.5277/2017 од 20.12.2017 година, со кои изјавуваат дека Трговското радиодифузно друштво РЕГИОНАЛНА ТВ О2 ДООЕЛ Скопје престанува со емитување на телевизиска програма.

Согласно член 85 став 1 алинеја 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија", бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17), дозволата за телевизиско или радио емитување престанува да важи по сила на закон со писмена изјава на имателот со која се известува Агенцијата дека престанува со емитувањето на радио или телевизиска програма. За престанок на важност на дозволата за телевизиско или радио емитување по сила на закон Советот не носи одлука. Агенцијата ќе го избрише радиодифузерот од регистарот на радиодифузери доколку дозволата престанала да важи по сила на закон (член 85 став 2).

Следствено на наведеното, а имајќи го предвид членот 85 став 1 алинеја 2 и став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, како и Изјавата од управителот на ТРД РЕГИОНАЛНА ТВ О2 ДООЕЛ Скопје, (заверена на нотар) УЗП бр.12018/2017 од 20.12.2017 година, Изјавата од основачот на правното лице Друштво за услуги ДМТ ПРОДАКШН ДООЕЛ од Скопје, кое е единствен основач на ТРД РЕГИОНАЛНА ТВ О2 ДООЕЛ Скопје, (заверена на нотар) УЗП бр.5278/2017 од 20.12.2017 година и Изјавата од управителот на правното лице Друштво за услуги ДМТ ПРОДАКШН ДООЕЛ од Скопје, (заверена на нотар) УЗП бр.5277/2017 од 20.12.2017 година, исполнети се законските услови за бришење на радиодифузерот ТРД РЕГИОНАЛНА ТВ О2 ДООЕЛ Скопје од регистарот на радиодифузери.

Врз основа на член 20 став 1 алинеја 6, член 23 став 1 алинеја 4 и член 85 став 1 алинеја 2 и став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија", бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17), Дописот од Трговското радиодифузно друштво РЕГИОНАЛНА ТВ О2 ДООЕЛ Скопје Уп1бр.08-475 од 20.12.2017 година и од 22.12.2017 година, Изјавата од управителот на ТРД РЕГИОНАЛНА ТВ О2 ДООЕЛ Скопје, (заверена на нотар) УЗП бр.12018/2017 од 20.12.2017 година, Изјавата од основачот на правното лице Друштво за услуги ДМТ ПРОДАКШН ДООЕЛ од Скопје, кое е единствен основач на ТРД РЕГИОНАЛНА ТВ О2 ДООЕЛ Скопје, (заверена на нотар) УЗП бр.5278/2017 од 20.12.2017 година и Изјавата од управителот на правното лице Друштво за услуги ДМТ ПРОДАКШН ДООЕЛ од Скопје, (заверена на нотар) УЗП бр.5277/2017 од 20.12.2017 година, а согласно член 10 став 5 и член 39 став 1 алинеја 6 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.01-4351/1 од 29.08.2014 година, се донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Директор,**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**

**Правна поука:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Доставено до:**
- Секторот за информатичка поддршка и општи работи - Архива;
- Секторот за правни и економско – финансиски работи;
- Назначеното лице во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за водење на Уписникот Уп 1;
- Трговското радиодифузно друштво РЕГИОНАЛНА ТВ О2 ДООЕЛ Скопје; и
- Агенцијата за електронски комуникации.